Смрт на фашизмот — слобода на народот!

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ"-Скопје. Огласи по тарифата

СКОПЈЕ
Вторник, 5 ноември 1957
Број 29 Година XIII

Претплатата за 1957 год. изнесува 1.000 дин. Овој број чини 50 дин. Чековна сметка број 802-Т-698

153.

На основа член 54 став 1 од Законот за редовните судови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/54), Извршниот совет ја донесе следнава

ОДЛУКА
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ БРОЈОТ НА СУДИИТЕ НА ОКОЛИСКИТЕ СУДОВИ ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I.

Во околиските судови во Народна Република Македонија чии број е утврден со одлуките на Народното собрание на НР Македонија, бр. 1426 од 13-XII-1955 година („Службен весник на НРМ" бр. 38/55) и бр. 67 од 21-III-1957 година („Службен весник на НРМ" бр. 9/57), ќе се избираат судии, вклучително со претседателот на судот и тоа:

1. — Околискиот суд Скопје I — — — — 12
2. — Околискиот суд Скопје II — — — — 12
3. — Околискиот суд Битола — — — — 8
4. — Околискиот суд Прилеп — — — — 7
5. — Околискиот суд Штип — — — — — 3
6. — Околискиот суд Кочани — — — — 4
7. — Околискиот суд Струмица — — — — 6
8. — Околискиот суд Радовиш — — — — 2
9. — Околискиот суд Берово — — — — 3
10. — Околискиот суд Делчево — — — — 2
11. — Околискиот суд Св. Николе — — — 2
12. — Околискиот суд Тетово — — — — 5
13. — Околискиот суд Гостивар — — — — 4
14. — Околискиот суд Охрид — — — — 5
15. — Околискиот суд Струга — — — — 3
16. — Околискиот суд Дебар — — — — — 2
17. — Околискиот суд Кичево — — — — 4
18. — Околискиот суд Ресен — — — — — 2
19. — Околискиот суд Титов Велес — — — 4
20. — Околискиот суд Кавадарци — — — 3
21. — Околискиот суд Гевгелија — — — — 2
22. — Околискиот суд Куманово — — — — 5
23. — Околискиот суд Крива Паланка — — 2
24. — Околискиот суд Крушево — — — — 2
25. — Околискиот суд Кратово — — — — 2

II.

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

ИС бр. 148
19 октомври 1957 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Васил Ѓоргов**, с. р.

Претседател, **Љупчо Арсов**, с. р.

154.

На основа член 11 од Законот за заштита на стрмните земјишта од ерозија и за уредување на пороите Секретаријатот за шумарство на Извршниот совет во согласност со Секретаријатот за земјоделство на Извршниот совет донесува

УПАТСТВО
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА СТРМНИТЕ ЗЕМЈИШТА ОД ЕРОЗИЈА

1. — Мерките од член 7 и 8 од Законот за заштита на стрмните земјишта од ерозија и за уредување на пороите, советот надлежен за работите за земјоделство и шумарство на народниот одбор на општината, ги наредува на сопствениците односно органите на управување со земјиштето, врз основа на решението на Извршниот совет со кое е подрачјето определено како заштитно и врз изработените стручни елаборати за заштита на стрмните земјишта од ерозија.

2. — Како подлога за определување на едно подрачје за заштитно служат основата за заштита на стрмните земјишта и други студиски елаборати изработени за подрачјето во прашање како што се: поројна основа, фитоценолошка основа и основа за пошумување.

3. — По определувањето на подрачјето како заштитно од страна на Извршниот совет се пристапува кон изработка на проект за заштита на стрмните земјишта од ерозија.

Проектот го изработуваат поединци или групи стручњаци, установи или организации кои имаат овластување за изработување на овие работи.

4. — Проектот за заштита на стрмните земјишта од ерозија служи како главна подлога врз основа на која советот надлежен за работите за земјоделството и шумарството на општината со свое решение ги наредува мерките за заштита на земјиштето на сопствениците односно на органите на управувањето со земјиштето.

Материјалот за решението го припрема секцијата или друга соответна служба.

5. — Во решението треба за секоја парцела посебно да се што поконкретно даде задолжение на сопственикот односно органот на управување со земјиштето за мерките што треба да се спроведат. Секоја наведена заштитна мерка треба да ги содржи сите свои елементи предвидени во стручниот елаборат.

За парцелите на кои во периодот на преориентацијата се дозволува одгледување на едногодишни

култури, ќе се определи и временски период (број на години) до кога можат да се одгледуваат.

Доколку за една месност или дел од месност се предвидуваат по проектот како заштитна мерка одводен канал, суперстандардни ров, шумско-ретензионен појас или пак друга слична заштитна мерка, која има за цел директно или индиректно да заштити поголем број парцели на различни сопственици, секој сопственик односно орган на управувањето со земјиштето е должен да учествува при изведувањето на заштитните мерки.

Височината на учеството на одделните сопственици при изведувањето на посочените заштитни мерки ќе се одреди спрема површината на парцелите што се заштитуваат.

На секој сопственик односно орган на управувањето со земјиштето на кого му се наредува преориентација со примена на заштитни мерки, со доделување на помош, ќе се назначи детално видот и обемот на помошта.

На секој сопственик односно на органот на управување со земјиштето во решението ќе му се назначи и временски период за започнување и завршување на преориентацијата и изведување на заштитните мерки.

6. Советот надлежен за работите на земјоделство и шумарство на народниот одбор на општината може освен на основа проектот уште и на основа основата за заштита на стрмните земјишта од ерозија да ги наредува следниве заштитни мерки:

— ограничување или потполно забранување сеча на шумите,

— забрана копачење на шумски дрвја и грмушки,

— забрана пасење на секаков добиток на одделни пасишни површини. Во решението ќе се внесат границите на забранетите површини и времетраењето на забраната,

— ограничување во поглед на пасење по број на добиток и или по вид на добиток,

— забрана разорување на ливади, пасишта, утрини, запуштени и други необработиви површини,

— орање на земјоделски површини само по хоризонтала како и поставување на бразди потем орањето само по хоризонтала.

7. Ова Упатство влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 528
19-X-1957 година
Скопје

Секретар
за шумарство
на Извршниот совет,
Инж. **Б. Грујоски**, с. р.

Согласен:
Го заменува
Секретарот за земјоделство
Секретар за општо стопански
работи,
А. Симитчиев, с. р.

155.

На основа точка 6 од Општото упатство за здобивање стручна спрема на работниците со практична работа во претпријатијата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/52 год.) ја пропишувам следната

ПРОГРАМА
ЗА ПОЛАГАЊЕ СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ЗВАЊЕ КВАЛИФИКУВАН И ВИСОКОКВАЛИФИКУВАН РАБОТНИК ОД ДРВОПРЕРАБОТУВАЧКАТА СТРУКА

I.

Кандидатите од дрвопреработувачката струка, што се здобиле со стручна спрема по пат на приучување со практична работа во претпријатието, ќе полагаат стручен испит за звање квалификуван и висококвалификуван работник по оваа програма.

II.

Согласно чл. 11 и 19 од Правилникот за полагање испити за квалификувани и висококвалификувани работници кои се здобиле со стручна спрема по пат на приучување („Службен весник на НРМ", бр. 13/56 год.) кандидатите прво го полагаат приктичниот дел од испитот, а по положениот практичен дел полагаат теоретски дел на испитот.

Теоретскиот дел на испит се состои од стручен теоретски дел на испитот и општообразовен теоретски дел.

Практичниот дел на испитот и стручниот теоретски дел се полага по оваа програма, општообразовниот теоретски дел на испитот се полага по одделна програма пропишана во „Службен весник на НРМ" бр. 18/55 год.

III.

Занимањата од дрвопреработувачката струка за кои се полага испит по оваа програма се следните:

а) За звање квалификуван работник:

1. — Класирач на трупци — кладар
2. — Гатерист
3. — Работник на врвчаста пила
4. — Кројач на сечена граѓа
5. — Сортирувач на бичена граѓа
6. — Острач — точач
7. — Изработувач на паркет
8. — Сортирувач на шпер и панел плочи
9. — Качар
10. — Машински столар
11. — Столар за намештај
12. — Градежен столар
13. — Изработувач на виткан намештај
14. — Изработувач на намештај од прачки
15. — Ауто тапетар
16. — Тапетар
17. — Изработувач на дрвна галантерија
18. — Изработувач на дрвна амбалажа
19. — Сушилничар на дрво
20. — Циркуларист — шкартер
21. — Сечач на фурнир — ракувач на фурнирски нож
22. — Ракувач на лупилница за фурнир „шелмајстор"

23. — Кројач на фурнир
24. — Сушилничар на фурнир
25. — Сортирувач на фурнир

б) За звање висококвалификуван работник:

1. — Кројач на бичена граѓа
2. — Пилар — резач на трачна пила
3. — Столар за намештај
4. — Градежен столар
5. — Изработувач на виткан намештај
6. — Тапетар
7. — Сушилничар на дрво
8. — Ауто тапетарна галантерија
9. — Работник на врвчеста пила
10. — Сортирувач на бичена граѓа
11. — Качар
12. — Машински столар
13. — Кројач на фурнир
14. — Сушилничар на фурнир

ПРОГРАМА ЗА ИСПИТ ЗА ЗВАЊЕ КВАЛИФИКУВАН РАБОТНИК ОД ДРВОПРЕРАБОТУВАЧКАТА СТРУКА

А. — ПРАКТИЧЕН ДЕЛ:

На практичниот дел од испитот кандидатот треба да покаже, врз основа на конкретно дадена практична задача квалитативна и временска способност во изведување на одредените работи за кои се бара стручна спрема на квалификуван работник. Практичните задачи ги одредува испитната комисија, а во врска со предметите од стручнотеоретскиот дел на испитот и ориентационата програма за практичната работа за секое занимање поодделно, што е во оваа програма истакнато по занимања како следува:

Занимање: **Класирач на трупци — кладар**

Организација при истовар на трупците, примање, пресметнување, евидентирање на добиените трупци, сместување, слагање и конзервирање на трупците и граѓата и одржување на лагерот. Сортирање на трупците по видови дрво, квалитет и димензии. Одбирање и подготвување на трупците за режење по одделни спецификации.

Рачно и механично подготвување на трупците за режење и прорежување на трупците.

Организација на работата на стовариштето и организацијата на транспортот на обловина во пиланите. Распоред на работниците и евиденција на работното време и ефектот на трудот.

Занимање: **Гатерист**

Припрема на трупците за режење. Пилење на сите сорти трупци на разни видови гатери, познавање на разни видови дрво, квалитет на прописите за дрво, начини за режење на гатери, видови на рез.

Читање на дадениот распоред на пилите и наместување на пилите по дадениот распоред.

Оковување на пилите со разни врсти узенбири. контрола на исправноста на пилите, наоштреност, разместување на забците и напнатост на пилата, одредување на нагибот на разни врсти гатери.

Одржување и чување на гатерот, контрола на исправноста за работа, употреба и функција на гатерот. Подмачкување на гатерот и неговата контрола, основно за механичкото средство за дигање и транспорт со рачен или електричен погон.

Сигнали за отпочнување работа со локомотивата, трансмисии и гатер, пуштање на гатерот во погон, ракување и проверување исправноста на електричните водови и мотори.

Познавање на моментите кои влијаат врз квалитетот на гатерот. Познавање на грешките при резање, нивните причини и отклочување. Ефект при работа на разни врсти и величина на гатер. Рачно дупчење и уредување на гатерските пили.

Занимање: **Работник на врвчеста пила**

Програмата исто како и за занимањето на гатерист со тоа да се примени на врвчеста пила за трупци и за работа на неа.

Поголемо внимание да се обрне по однос на прописите за стандард на квалитетот и за правилно користење на дрвото со оглед на квалитетот на трупците, како и на толеранција на грешките при работата на врвчеста пила и отклонување на грешките.

Занимање: **Кројач на сечена граѓа**

Самостојно кроење на сите видови дрво со оглед на најарно користење на обловината, како и со оглед на нагласено форсирање на извесни сортименти.

Детално познавање на толеранците за режана граѓа нарочно кај лисјарите и односот на продажните цени на поедини сортименти. Функција и делување на транспортерите, а нарочно на попречниот транспортер. Апсолутно познавање на технолошките особини на дрвото, а особено грешките кај дрвото, за што поголемо искористување.

Занимање: **Сортирувач**

Познавање на сортименти, димензии и квалитети на режена граѓа од сите сортименти и видови дрво. Сортирање на бичена граѓа. Внатрешен транспорт и направи. Витлање и конзервирање. Вржување, аджустирање и маркирање на граѓата. Мерење, утоварување и експедиција на граѓата. Надзор при сушење на граѓата и заштита на граѓата од сонце и друго.

Занимање: **Острач — точач**

Дотерување, рамнење, приготвување и острење на сите видови пили на различни аутомати и рачно, острење на ножеви, глави од фрезер итн. рачно и на аутомат. Лепење на трачни пили, заковување на сите врсти узегии на пилите, пресметнување и одредување на нагибот на пилата за поедини величини гатери.

Уредување на запци кај сите видови пили рачно и со апарат и тоа правење на чапрас со рамнење на забите.

Острење на пилата, пукање, причини за расипувањата и нивното отклонување.

Форми на заби и агли за острење кај пилите и ножевите, разлика спрема видови на дрвото што се обработува.

Занимање: **Изработувач на паркет**

Ракување со машините за изработка на паркетни даски од сите видови и димензии. Подготвување на дужици за изработка на паркет. Сортирање на дужици спрема димензиите, квалитетот и сортите на дрвото.

Припрема на машините за паркетни плочици за разни видови и димензии.

Занимање: **Сортирувач на шпер и панел плочи**

Припремање на трупците за производство. Парење на трупците. Чистење и припрема на трупци за лупење. Лупење на трупците. Бичење на трупците по мера. Сушење на листовите од фурнирот. Разврстување на исушениот фурнир. Составување на листови фурнирски. Разврстување на исушениот фурнир.

Составување на листови. Ставање лепила на листовите. Слагање фурнирски листови на алуминиумски плочи. Уложување, полнење на пресата. Пресување. Вадење од преса. Израмнување на плочите. Поправка на плочи со грешки. Острење, брусење на плочи. Класификација и складирање при изработка на панел плочи, познавање изработката на средници, лепење на фурнир на средница, пресување, брусење, класификација и складирање. Познавање квалитетот на разни видови шпер и панел плочи.

Занимање: **Качар**

Познавање на стандардите за качарски стоки. Подготвување на материјалите, алатот и машините за работа. Изработка на сите видови дрвени садови и буриња по нацрт или упит, рачно и на машина.

Познавање на грешките кај дрвото поради кои не може да се употреби за изработка на каци. Познавање особено на техничките особини на дрвото (цврстина, цепивост, еластичност, жилавост). Техника при изработка и составување на дрвените садови и каци. Познавање и одредување волумен на дрвените садови и каци. Познавање на технолошкиот процес во производството на дужици. Начини за свиткување на даските.

Занимање: **Машински столар**

Подготвување машината за работа. Прегледување исправноста на машината и заштитните средства. Правилно кроење на дрвото на машини радилици за сите видови едноставни предмети по нацрт. Подготвување на материјалот. Организација на работното место (додавање, прифаќање, придржување и отстранување на материјалот). Зацртување, изработка на шаблони по даден нацрт.

Обработка со машини на правилни и неправилни профили од дрво.

Познавање и работа на сите видови машини што се во примена во ова занимање. Одржување на машините.

Занимање: **Столар за намештај**

Правилно кроење на дрвото на основи шаблони со рачни алат и машина сите едноставни предмети по нацрт.

Обработување на дрвото во правилни и неправилни профили рачно и машински.

Познавање на сите врсти везови и составувања на дрвото. Обработка на сите врсти на слепо дрво, фурнир, шпер плочи, панел плочи, кверици и леонит плочи. Составување, слепување и налепување сите врсти. Чистење и бруење на површини. Обработка на површини масивни и фурнирни плочи и профили. Познавање, подготвување и работа на сите видови машини што се употребуваат при изработка на поедини предмети. Читање нацрти и изработка на поедини делови дадени во нацртот.

Мокрење, прскање и политирање.

Да се изврши монтажа на едноставни предмети.

Да се изврши окивање на намештај и познавање на врсти оков, нивната функција и примена.

Познавање работи со рачен алат и машини. При према на алат и машини за работа. Контрола на алатот и мерките.

Занимање: **Градежен столар**

Склопува и лепи предмети односно составува делови во сериско производство на градежна столарија. Изработува летви за светларници и завеси, монтира и демонтира делови на градежната столарија како и да ги обавува сите работни операции во рачното и сериско производство, да изврши местење на врата и пенцерина од разни видови.

Изработува самостојно поедноставни делови на долапи, полски столови, столови, шубар пенцерина, жалузија итн.

Треба да знае да чита работилнички нацрти. Самостојно да прави лепила и да лепи поедини предмети.

Самостојно да го организира своето работно место и да расподели работа на помошните работници.

Да ги познава и работи на машините што се употребуваат при изработка на градежна столарија.

Занимање: **Изработувач на виткан намештај**

Изработувачот на виткан мебел — намештај треба да ја познава работата исто како и столарот, со тоа да е специјализиран во изработка на деловите од витканиот намештај.

Ракува со машините за парење и сушење. Свиткување дрво рачно и машинско во сериско производство.

Врши топење, боење, матирање, политирање, лакирање брзо со лак.

Врши монтирање на сите видови виткан намештај.

Да ги познава сите конструкции што се применуваат во изработка на свиткан намештај. Читање на нацрти и објаснување на поедини конструктивни делови. Познавање и работа со машините.

Занимање: **Изработувач на намештај од прачки**

Припрема и изработка на дрвени костури за плетење предмети.

Состав и изработка на костурот точно по димензија, нацрти или мустри.

При тоа ги врши следните работи: сечење, сортирање, варење, сушење, лупење и калење на прачките.

Изработка на сите видови намештај и останати предмети од прачки, лико, трска, слама и разни вештачки материјали.

Боење, топење, лакирање на прачките. Во сите овие работи познавање системот на плетење, одредување облици, размери и солидно изведување на предметите.

Занимање: **Ауто тапетар**

Самостојно тапацирање на сите седишта во луксозни и теретни коли, автобуси и други возила.

Облагање на возилата со сите видови материјали за тапацирање: кожа, штоф, поливенил и други пластични материи.

Самостојно кроење на тапацирунгот, изработка на навлаки за возилата, завеси и слично.

Познавање на конструкцијата на возилата и поставување на седиштата и леглата на теретни и луксузни коли.

Ракување со целокупниот алат за тапацирање како на останати машини во употреба при тапацирањето.

Правилна употреба на материјалот при разни конструкции.

Читање на разни конструкции нацрти за разни видови каросерии.

Организирање на работата и вршење распоред на помошните работници.

Изработка на завеси за сите видови возила.

Пресвлечување на разни видови на намештај. За возила итн.

Занимање: **Тапетар**

Самостојно тапацирање на столици со висок и низок тапецирунг на отомани, улошни за кревети, полуфотељи, каучи, фотељи и канабина со и без облагане на штофот. Тапацирање клуб фотељи, кожни и стилски намештај. Кроење и поставување пластична маса по салони и одаи.

Познавање на машини за шиење со електрични и ножни погон. Кроење и составување на материјалот, начин и употреба на алатот и помошните средства. Правилно користење на материјалот со оглед на конструкциите и величините на предметот за тапацирање.

Познавање на аутотапетарски работи.

При сите овие работи се оценува познавање и квалитет во изработката.

Читање нацрти за тапацирање и работа по нив.

Организирање работата и вршење распоред на помошните работници.

Занимање: **Изработувач на дрвна галантерија**

Самостојна обработка на дрво на следните машини: врвчаста пила, кружна, пила блоњалица, ланчана дублица, глодалица на овали стапови, полуавтомат за стружење, машина за брусење на дрво. Самостојно боење и лакирање на производите од дрвна галантерија.

Контролирање на квалитетот и сортирање на произведената стока, складирање на произведената стока.

Рачно острење ножеви и пили, монтажа и демонтажа на машини со цел за дотерување на истите, како за замена пили и ножеви. Читање нацрти за работа и измена на поедини делови.

Организирање на процесот на производството и давање работа на помошниот персонал. Произведувачот на дрвна галантерија изведува исти фази на работата како и столарот за намештај со тоа што изработува предмети од подрачјето на дрвната галантерија.

При сите овие работи треба да се оценува: точност, отпорност и начин на организацијата на работното место.

Занимање: **Изработувач на дрвна амбалажа**

Изработка на разни видови типизирана дрвена амбалажа (сандаци, гајби, корпи и сл.).

Одбирање на дрвени отпадоци за производство на амбалажа и сортирање со обзир на можностите за производство на поедини видови амбалажа. Кроење на дрвото и обработка на сопствените машини. Сортирање според вртите на производите. Склопување на амбалажот рачно или на посебни машини. Ковање на амбалажа рачно или на посебни машини.

Обележување на амбалажот на посебни машини.

Познавање условите за испорака и толеранција на амбалажата.

Монтажа и демонтажа на машините, дотерување на истите и измена на пилите и ножевите за работа.

Читање на работнички нацрти и работа по нив.

Организирање на работата по работни места и групи работници.

Занимање: **Сушилничар на дрво**

Познавање на конструкции и начини на работа при канали и коморски сушилни за дрво. Утврдување на влагата и примена на односни начини сушење со оглед на сорти на дрво, димензии и почетна влажност. Контрола на исправноста при работата на сушилната и отклонување на грешките. Утврдување на времето потребно за сушење и пуштање на сушарата во работа. Контрола на работата на парните водови, вентили, колорифер и другите уреѓаи на сушарата. Утврдување на моментот кога е завршено сушењето.

Одржување на сушилната во исправна состојба.

Водење евиденција на сушењето во сушилната.

Занимање: **Циркуларист — шкартер**

Самостојна работа на сите видови циркулари. Познавање на сортименти, димензи и квалитети на бичената граѓа. Припрема за работа, контрола на исправноста и употреба на сите врсти кружни пили и нивни составни делови. Видови на заби при кружната пила со оглед на брзина на забите при пилите. Контрола на наостреноста, монтирање и демонтирање. Одредување надмер со обзир на видот и квалитетот на режаната граѓа, имајќи ги предвид прописите за Југословенските стандарди за режење граѓа. Контрола на пилите, осовината и уредите за автоматско одредување на широчината на граѓата. Утврдување потребниот број обрти со обзир на пречникот на кружната пила и видови на граѓа. Познавање на асортиманите на граѓата за правилно одредување при шкартирањето.

Одредување на циркуларот и пилата.

Занимање: **Сечач на фурнир**

Подготвување на фурнирската обловина за бичење. Перење фурнирската обловина. Подготвување и преглед на машините за работа.

Режење на трупци за фурнир. Лупење на фурнирот. Сушење и обработка на фурнирот. Познавање на стандардите за фурнир. Мерење на готови фурнири. Врзување, пакување и складирање.

Занимање: **Ракувач на лупилница за фурнир (шелмајстор)**

Подготвување на трупци за лупење. Лупење на сите видови трупци, познавање на сите видови трупци, познавање на сите видови дрво, прописи за квалитет на трупци, прописи за квалитет на фурнир, надмер, начин на лупење.

Уредување на лупилницата за работа и измена на ножеви, контрола на исправноста на ножот, контрола на острината.

Одредување и нега на лупилницата, контрола на исправноста за работа, употреба и функции на поедини делови на машината. Пуштање на лупилницата во работа, ракување, проверка на исправноста на електромоторите и водовите.

Познавање моментите што влијаат на квалитетот и резот кај ножот. Познавање на грешките при лупење, нивните причини и отклонување. Познавање ефектот на работата на разни лупилници.

Занимање: **Кројач на фурнир**

Кроење на сув фурнир од разни видови за изработка на шпер и панел плочи, како и кроење на племенит и блинд фурнир за потребите на пазарот. За таа цел работникот треба да ги знае следните работи:

— преглед и сортирање на листовите на фурнирот по квалитет, грешки, флодер и сл.;

— премерување на неискористени листови и утврдување начини за кроење како би се одбегнале постојните грешки, а материјалот што подобро да биде искористен;

— ракување со ножиците за кроење, чување и одржување на истите;

— разврстување на фурнир по бои и по шари;

— манипулација со суров, исушен и обработен фурнир;

— размер на врските, врзување, обележување и квадрирање;

— обележување на фурнир за обработка на ножици.

Занимање: **Сушилничар на фурнир**

Подготвување на сушилницата за сушење. Обезбедување од пукање на челата и витоперење на фурнирот. Правилно полнење на сушилницата и користење на капацитетот.

Дотерување на режимот за сушење спрема видот на дрвото, дебелината на фурнирот, влажност на влезот и процентот на влажноста што се бере на излезот на фурнирот.

Мерење на влага со хидрометар и кантар.

Слагање и сортирање на сувиот фурнир.

Контрола на работата на сушилницата, грешки при сушењето и низно отстранување. Пуштање во погон на електромоторите и исправност на водовите

Надмер на фурнирот и губитни при сушење.

Занимање: **Сортирувач на фурнир**

Преземање, контрола на квалитетот, складирање, чување и пакување на сите видови шпер плочи и фурнир, како бичен така и крпен.

Разврстување на фурнирот и плочи по сите стандарди со кои се работи на домашен и надворешен пазар.

Подготвување на фурнир за внатрешен, надворешен и прекуморски транспорт.

Премерување и кубицирање односно квадратирање на шпер плочи и фурнир, изработка на отпремници.

Правилно искористување на вагонскиот простор и правилно товарење.

Б. — ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

Кандидатите што полагаат испит за звање квалификуван работник од дрвопреработувачката струка, ќе полагаат стручно теоретски дел од испитот по предмети што се заеднички за сите занимања во оваа струка и посебно по предмети што се тесно сврзани за секое одредено занимање.

а) СТРУЧНИ ПРЕДМЕТИ ЗА СИТЕ ЗАНИМАЊА

1. — Општа технологија

Значење и важноста на шумите: Полза од шумите. Непосредни и посредни производи што се добиваат од шумите (влијание на климата, температурата, влажноста и др. врз шумите).

Шумски производи: главни (дрво шумски сортименти) споредни (кора, плодови, семе).

Структура на дрвото. — Стебло и неговите делови (корен, стебло и круна), надворешни особености на стеблото (чистота, исполнетост итн.), растење на дрвото во висина и дебелина.

Елементи на структурата на дрвото (годови, прстени, срж, белика и кора). Кора: надворешен дел на кората (мртва кора), внатрешен дел на кората. Годови — прстени: (годишни прстени): како настануваат, состав на годовите — (пролетни и летен дел): боја на прстените, зошто служат, одредување на староста, брзина на растењето, ширина на прстените и нивното значење. Разлика помеѓу сржта на дрвото и беликата. Што е срж и белика и нивните карактеристики на разни видови дрва по нашите шуми; садови во дрвото и нивната улога во животот на режаната граѓа. Смолни канали: што содржат и кај кои видови на дрво ги има; пресеци кај дрвото, врсти и правци. Изглед и структура на дрвото на предни пресеци, лева и десна страна на пресекот и на кои пресеци се гледаат; келии и хемиски состав на дрвото.

Поделба на дрвата на четинари и лисјари: разлика помеѓу четинари и лисјари, нивните главни карактеристики, главни домашни, видови на дрво.

Поделба на дрвата на меки и тврди и кои дрва спаѓаат во меки, а кои во тврди.

Особини кај дрвата: боја, тврдина, еластичност, цепивост, тежина, влажност, жилавост, набубрување, сјај, мирис, текстура (шара), горива способ-

ност. Познавање на овие особености кај дрвото, од што се состојат и од што зависат.

Мани кај дрвата: усукано дрво, зарасната кора, чворови и елитни.

Мани на влакната: валовито.

Пукнатини: врсти на пукнатини и кај кои дрва најмногу се појавуваат.

Плавење (модрење): причини за модрење, мерки за спречување, видови на дрва при кои најчесто се појавува.

Зеленење: причини за зеленењето, мерки за спречување, кај кои видови најчесто се појавува (јавор, липа, бука).

Трулења кај дрвото: (централни, периферни, шарени, неправилни, бела и црвена), кај која граѓа најчесто се појавува.

Дефекти од инсекти: (мушичавост и црвоточна).

Секоја мана на дрвото да се опише, во што се состои, мерки за спречување. Влијание на маните на квалитетот на граѓата.

2. — Физика

Задача на физиката. Мерење и мерки. Особености кај телата и агрегатна состојба. Физички и хемиски промени. Особености кај цврстите тела. Молекули и атоми. Сила на тежа, маса тежина. Специфична тежина. Кохезија и атхезија.

Притисок: притисок на цврсти тела, течни и гасовити. Пренесување на притисокот и неговата примена. Хидростатичен притисок. Справи за мерење притисок.

Движење и сила. Поим за движењето. Видови движења. Брзина и забрзување. Слободно паѓање, тежиште, рамнотежа. Кружно движење. Центрафугална и центрипетална сила.

Триење и отпор. Стрмна рамнина. Златно правило на механиката. Сила, работа, ефекат и енергија и нивните единечни мерки. Прости машини Лост, котур, клин и др.

Топлина — Топлински извори. Движење на топлината. Единица за мерење на топлината. Промена кај телата под влијание на топлината. Проширување на телата при затоплување. Температура кај телата и справи за мерење на топлина — дефиниција. Агрегатни состојби — промени, топење, оцврстување и испарување. Вриење — зависност на вриењето од температурата и притисокот.

Топлинска енергија — претварање на механичка енергија во топлинска и обратно топлинска енергија во механичка. Закон за одржување на енергијата.

Светлина. Основни поими за светлината. Извори на светлината и ширење.

Магнетизам. Основни поими за магнетизамот.

Основни познавања на електрицитетот. Појави на електрицитетот, видови електрицитет. Електричен напон, слаба и јака струја. Електрични спроводници и изолатор. Единици за мерење на струја. Инструменти за мерење. Видови на електрична струја: едносмерна и наизменична.

3. — Хигиено-техничка заштита

Поим за хигиената и нејзините основни правила. Хигиена на трудот, заштита на телото при работата, заштита на машините, прва помош при несреќен случај, крварење, прелом на коски, потрес на мозокот и сл. Долапче за прва помош и неговата употреба. Познавање на постапките и средствата со кои се врши дезинфекција на уредите и просториите.

Техничка заштита: сигурно безопасно движење при работата. Обезбедување од пожар и експлозии. Одржување на машините и уредите. Постапка при избивање пожар. Ракување со минимакс апарати и хидрати за гасење пожар.

Осветление и проветрување на просториите.

Кандидатот треба нарочно да ги познава хигиено-заштитните мерки што се применуваат при работата на неговото занимање.

4. — Организација и послување на претпријатието

Организација на претпријатието во врска со предметот на работа на претпријатието. Општествен план. Самостоен план на претпријатието. Однос на претпријатието спрема околијата, општината, републиката и федерацијата. Оперативни планови и програми. Работни единици на претпријатието (одделенија, отсеци, уреди, погони, работилници, работни места).

Средства и фондови на претпријатието и нивното прибавување. Трошоци и калкулации.

Погони, погонски одделенија, работилници. Организација на работата на претпријатието (индивидуално и сериско производство, ланчан систем, рационализација на работата). Работа на погонот, работни налози и погонска евиденција. Помошни работилници (електричарска, столарска, автомеханичка и др.).

Магазини (за суровини, помошни материјали, полупроизводи, готови производи). Работа на магазините евиденција.

Кандидатот треба добро да ја познава работата и организацијата на претпријатието во кое е запослен.

б) СТРУЧНИ ПРЕДМЕТИ ЗА ОДДЕЛНИ ЗАНИМАЊА

Занимање: **Класирач на трупци**

1. — Посебна технологија

Дрво: Структура на дрвото, кора, прстени, белика, срца, распознавање на трупците.

Употреба на дрвото: влакна при дрвото, сржни белези. Боја на дрвото, сјај, мирис, ширина на прстените, тежина на дрвото, шупликавост, тврдока на дрвото, растегнување и бубрење, цепливост, трајност, огревна снага — калорична јачина.

Грешки при дрвото: неправилен пресек, чворови, слепици, распукнатини од сушење, неправилна сржи и нејзиниот стадиј при буковината, пиравост, зеленење итн.

Трулежи при дрвото: стадиј на трулењето, паразити при дрвото — гливи, грешки од инсекти.

Целокупната материја треба да се однесува на познавање на обловината и грешките кај неа.

Познавањето на прописи и стандарди на обловината. Разврстување на обловината на четинари и листопади.

2. — Мерки, алат и машини

Мерки, алат и други материјали: штиц, метар, челични и пластични врпци, летви, промери, моливи, креда, кланфи, турини итн.

Цанин, гризалици, секира, сврдло, припрема за нивното одржување.

Транспортни средства, складиштето, дизалици за истовар и утовар, транспортери, вагони и вагонетки, контрола на исправноста и нивната употреба.

Занимање: **Гатерист**

1. — Посебна технологија

Исто како кај класирач на трупци со проширување во следното: Влијание на начинот на острење на пилата при режење на трупците.

Начин на острење за постигнување на поголем работен ефект при различни сорти на дрво.

Фактори кои дејствуваат на смалување на отпадок при пилањето.

Познавање на југословенските стандарди за дрво и стандардите на некои поголеми земји (германски, англиски или француски).

2. — Мерки, алат и машини

Мерки: метра челични и платнени, летва, промер, висак, справа за мерење на нагибот, мерење и разместување на забите, подмачкување и одржување на алатот. Цапин — полуга, чекан, секира, клучеви, натица и кланфи.

Машина: гатер и неговите делови. Видови на гатери и типови. Циркулар и штиц машина. Општо за електриката и електричните водови.

Занимање: **Работник на врвчаста пила**

1. — Посебна технологија

Исто како и при класирач на трупци со следното проширување: Предностите на трачната пила во однос на другите. Улогата на брзината на вртењето на пилата спрема производниот капацитет.

Острење на пилата и агли кај забците.

2. — Мерки, алат и машини

Мерки и алат: метро, шублер, висок, справа за мерење на нагиби, мерење и разместување на забите. Прирачен алат за работа околу врвчастата пила.

Машини: типови на врвчасти пили, заварување на пилата, одржување на машината.

Општо за електриката и кабловите за довод на струја.

Занимање: **Кројач на сечена граѓа**

1. — Посебна технологија

Технологија на дрвото исто како и при класирачот на трупци со тоа градивото да се однесува на режена граѓа, својства на дрвото како и кај работникот на трупци.

Познавање на стандардните прописи за дрво — домашни и странски на некои поголеми земји.

Мерки и разврстување на сите сортименти, познавање на технолошкиот процес на производството на резаната граѓа. Отстранување на грешките на суровото дрво со оглед на влијанието кое ќе го има по сменување.

Распознавање на квалитетно и неквалитетно бичење.

Парење на дрвото и влијание на парењето на срцето на буковината.

2. — Мерки, алат и машини

Познавање на сите машини за бичење исто како и при гатеристот. Општи познавања за алатот, електриката и електричните водови.

Познавање на мерките кои се употребуваат во дрвната гранка.

Занимање: **Сортирувач на бичена граѓа**

1. — Посебна технологија

Градивото исто како и при класирачот на трупци со следната допуна: Познавање на сите југословенски стандарди за режано дрво и стандардите за режано дрво на некои поголеми странски земји (Германија и Англија). Познавање на грешките при дрвата. Начин на сортирање на дрвата. Начин на витлење и мерки за конзервирање на режана граѓа. Познавање на природно сушење на граѓата. Вештачкото сушење само во груби црти. Парење на дрвото и неговата цел. Одредување влага при дрвото. Познавање на меѓусебните основи помеѓу поедини асортимани на бичената граѓа.

2. — Алат и машини

Познавање на прирачниот алат кој се употребува на складиштето. Познавање на помошните средства за складирање и разместување на граѓата — вагонети, дизалици, транспортери и друго.

Занимање: **Острач — точач**

1. — Посебна технологија

Технологија на материјалите кои се употребуваат за бичење: Материјал за изработка на пили, челик, неговиот состав, тврдина, еластичност проверување исправноста на материјалот кај новите пили, проверување на затегнатоста на пилите. Видови на резови и се што е во врска со острење на средствата за режење.

2. Машини и алат за острење

Познавање на сите машини и алати за острење на пили и ножеви (брусилици, тоцила и друго), вости на точила и нивниот состав. Проверување на брусните средства и нивната исправност. Брзина на вртењето на машините на острењето.

Периферна брзина на тоцилата.

Познавање на сите врсти резови.

Занимање: **Изработувач на паркет**

1. — Посебна технологија

Изработувач на паркет, покрај познавање на технологијата како и при класирачот на трупци со особено внимание и разработување во однос на познавањето на тврди дрва буковина, храст итн. т.е. на видови дрва кои доваѓаат во предвид за изработка на разни видови паркет.

Познавање на југословенските стандарди за паркет, попруги даски за душеме. Пакувањето на сите врсти даски за патосирање, како за внатрешниот исто така и за надворешниот пазар.

Нарочно познавање на текстура на дрвото и нејзината примена за естетскиот изглед на душемето.

Изолација на подлогите за паркет и друго.

Врсти на паркет, обичен и асвалтен. Распознавање на квалитетот на паркетот.

2. — Мерки, алат и машини

Познавање на вообичаените мерки во употреба при изработката на паркет и други видови на подлоги.

Познавање на сите видови машини за изработка на паркет и друго.

Во основни црти за погонските машини, трансмисии. Основно на електричните материјали, инсталации и водовод.

Занимање: **Сортирувач на шпер и панел плочи**

1. — Посебна технологија

Познавање на сите суровини за изработка на шпер и панел плочи. Варење и парење на фурнирската обловина. Познавање на методите за изработка на фурнир. Сушење на фурнирските листови. Слепување на листовите, слепување и лепење на фурнирот. Употреба на шпер и панел плочи. Познавање и вредност на шпер и панел плочи. Познавање и вредност на шпер плочи.

Лепила за производство.

Класификација на шпер и панел плочи.

2. — Мерки, алат и машини

Познавање на целокупниот прибор за мерење. Познавање и ракување со целокупниот алат кој е во употреба при изработката на шпер и останати плочи.

Познавање на машините за изработка на шпер и панел плочи.

Во главни црти за погонските машини и трансмисии.

Основно познавање за електрицитетот, водовите, инсталациите и електромоторите.

Занимање: **Качар**

1. — Посебна технологија

Познавање на сите грешки кај дрвото што не ги поднесува качарската стока — производи.

Познавање на техничките особини на дрвото (тврдина, цепливост, еластичност и жилавост).

Добро познавање на техничкото дрво за цепаници за должици. Техника на составување на дрвените садови и бурила.

Парафинирање на бурилата. Димензии на дужици. Ефект на машини по фази на работи. Начин на свиткување на дужици за варење.

2. — Мерки, алат и машини

Познавање на сите мерила кои се во употреба при изработката на бурила останати садови. Ракување со нив. Познавање на целокупниот алат и машини за изработка на дрвени садови и бурила.

Во главни црти за електричните водови, електромотори и инсталацијата за погон на машините.

Занимање: **Машински столар**

1. — Посебна технологија

Структура на дрвото, годови, белица, срж, кирис, финока. Распознавање на сите врсти меки и тврди дрва.

Технички својства на дрвото, тврдина, цепливост, еластичност, тежина, боја, текстура, сјај и мирис. Познавање на грешки на дрвото и нивното значење во столарството: Усуканост на влакната, чворови, неправилен тек на влакната, срж, флеки, распукнатини итн.

Фурнир, шпер и нивната употреба. Познавање на лепилата за дрво, билни лепила, животински лепила, нивната употреба и припрема.

Столарски конструкции од дрво, читање на нацрти, начин на врзување на дрвото во ширина, дебелина, должина и под агол.

Објаснување на конструкцијата на поедини полесни предмети намештај или градежна столарија.

2. — Алат, прибор и машини

Метро, врвца, молив, креда, чекан, клуч и матица. Шублер, микрометар, апарати за влажност итн.

Познавање на сите столарски машини, а нарочно абритер, дикт, циркулар, глодилица, цинк машина, фрезер машина т. е. познавање на сите столарски машини.

Занимање: **Столар за намештај**

1. — Посебна технологија

Посебната технологија како и при машинскиот столар со проширување на програмот во следното: Познавање на сите видови конструкции на намештајот, употреба на фурнир, шпер плочи, фазер плочи, познавање и припремање на политури, бајцени, китови и се што е потребно за површинското обработување на намештајот, составување на фурнирот на лице и опачина на едноставни и сложени предмети и делови на намештај, техника на облагањето на фурнир. Употреба на разни врсти лепила и справи за пресовање.

2. — Алат, прибор и машини

Познавање на алатот и приборот исто како и при машинскиот столар со посебно внимание на приборот и алатките кои се во употреба при рачните столари.

Занимање: **Градежен столар**

1. — Посебна технологија

Во посебниот дел се опфаќа градивото како и при машинскиот и рачниот столар за намештај со нарочно внимание на градивото, важно за градежната столарија.

2. — Мерки, алат и машини

Метро, врвца, молив, креда, чекан, клешти, прецизни мерила, шублер и микрометар, мерила за влага.

